# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 15
4 октомври 2025 година

Година LXII

## С О Д Р Ж И Н А

| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 823. | Одлука за организирање превоз на избирачките одбори, изборниот материјал и надоместок на трошоците за превоз за време на локалните избори 2025 година | 1133 |

823.

Врз основа на член 37 став 4 точка 5 од Изборниот законик („Служен весник на РМ“, број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на РСМ“, број 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24, 76/24, и 116/24), Општинската изборна комисија Штип, во состав претседател Виктор Вацев и членовите Трајче Јовевски, СимоКостов, Цветанка Трајкова и Маргарита Митева, на седницата одржана на 04.10.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ПРЕВОЗ НА ИЗБИРАЧКИТЕ ОДБОРИ, ИЗБОРНИОТ МАТЕРИЈАЛ И НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕВОЗ ЗА ВРЕМЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2025 ГОДИНА

### Член 1

Превозот на членовите на избирачките одбори и изборниот материјал за време на Локалните избори 2025 година во Општината Штип ќе се врши со приватни возила во сопственост на членовите на избирачките одбори, но најповеќе по 3 (три) возила од избирачки одбор.

Превозот ќе се признава само на релација од седиштето на ОИК Штип на улица Васил Главинов бр.4Б во Штип до избирачкото место и назад до седиштето на ОИК Штип и тоа во двата круга на изборниот процес.

Превозот ќе се признава и на избирачките места кои имаат пријавено гласање на болни и немоќни лица и гласањето во Затвор Штипкои ќе се одвиваат еден ден пред денот определен за гласање и тоа во двата круга на изборниот процес.

### Член 2

За превозот од член 1 на оваа Одлука, на сопственикот на возилото му следува надоместок во висина од 30 денари од изминат километар.

Средствата од став 1 ќе се обезбедат од Буџетот на Општината Штип од ставката за спроведување на изборниот процес на Локалните избори 2025.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Штип“.

Број 11-110/1
04.10.2025 година
Ш т и п

Општинска изборна комисија Штип
**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
______________________________

**Ч Л Е Н О В И**
1. ______________________________
2. ______________________________
3. ______________________________
4. ______________________________